Здружение ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ
ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
Бр. 03 - 727
23-09. 2020 год.
СКОПЈЕ

HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS | KOMITETI I HELSINKIT PËR TË DREJTAT E NJERIUT | ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЉУДСКА ПРАВА | ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА | HELSİNKİ İNSAN HAKLARI KOMİTESİ | COMITET DI HELSINKI TI ANDREPTULU AL OAMINJLJI | HELSINGESKORO KOMITETI BAŠE MANUŠIKANE NIJAMIA

www.nvosorabotka.gov.mk
nvosorabotka@gs.gov.mk
Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија
Одделение за соработка со невладини организации во Генералниот секретаријат

Почитувани претставници на граѓанските организации,

Ви благодариме на интересот за учество на Повикот до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година. Пополнетиот образец (заедно со прилозите, доколку ги има) доставете го до Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, електронски на адреса nvosorabotka@gs.gov.mk со назнака Иницијатива за ГПВРСМ 2021, до 23.9.2020 година. Со доставување на образецот потврдувате дека се согласувате вашата иницијатива да биде објавена на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk.

**Општи податоци за здружението / фондацијата**

Име на здружението/фондацијата: **Хелсиншки комитет за човекови права**

ЕМБС (матичен број на правниот субјект според Централен регистар): **4920783**

Седиште и адреса: **ул. Наум Наумовски Борче бр.83/1, Скопје-Центар**

Застапник: **Извршна директорка Уранија Пировска**

Веб страница: www.mhc.org.mk

Електронска пошта (e-mail): helkom@mhc.org.mk

Телефонски број за контакт: **+389 (0)2 3119 073**

Лице за контакт: **Сања Барлаковска**

**Предлог-иницијатива за годишна Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2021 година**

Наслов на иницијативите: **Унапредување на заштитата на работничките права**

**Реформи во правосудството**

**Засилена и соодветна социјална заштита**

**Спречување и борба против делата од омраза**

**Унапредување на родовата еднаквост**

**Унапредување на состојбата со човековите права на ЛГБТИ луѓето**

**Стратешки приоритет:** (придонес - поврзаност со определен стратешки приоритет на Владата на Република Северна Македонија)

Унапредувањето на заштитата на работничките права, реформите во правосудството, засилената и соодветна социјална заштита, спречувањето и борбата против делата од омраза, родовата еднаквост и правата на маргинализираните групи граѓани се дел од многу аспекти на нашето општество, па така, се поврзуваат и со повеќето владини стратешки приоритети.

Остварувањето на сите овие стратешки приоритети - членството во Европската унија, добрите меѓусоседски и меѓуетнички односи, внатрешната кохезија, справувањето со светската пандемија на коронавирусот и создавањето подинамичен економски раст, одржлив развој, модерно образование, ефикасна правна држава и силни институции – не е можно без истовремено унапредување на наведените иницијативи.

**Приоритетна цел:** (придонес - поврзаност со определена стратешка цел на Владата на Република Северна Македонија)

Иницијативите, како што гласат и нивните имиња, имаат за цел да придонесат кон унапредување на заштитата на работничките права, да донесат реформи во правосудството, да активираат механизми за засилена и соодветна социјална заштита, да ја унапредат состојбата со родовата еднаквост, да ги заштитат правата на маргинализираните заедници и да работат на спречување и борба против делата од омраза во нашата земја како стратешки цели на Владата.

**НППА** Поглавје 23 - Правосудство и фундаментални права

**Очекувани влијанија**: (Кои се очекуваните влијанија од предлог-иницијативата)

Очекуваните влијанија се наведени под предложените измени.

**Финансиски импликации:** (Дали предлог-иницијативата предизвикува финансиски импликации? Ако има, дали потребните средства се обезбедени и од кои извори?)

Предлог-иницијативите предизвикуваат финансиските импликации, но потребните средства веќе се наоѓаат во ресорните министерства.

**Прилози** (со наведување на авторот на документот):

Прилозите се дадени како хиперлинкови во конкретните области.

**Образложение:** (Краток опис на иницијативата: причини за предлагање, предмет на уредување доколку се работи за закон или подзаконски акт и надлежен орган на државната управа)

Предлозите што Хелсиншкиот комитет за човекови права ги дава во овој дел се засноваат на искуството од секојдневното работење во областите, работење со граѓани кои имаат директни искуства со системските проблеми, контактот со институциите и досегашното учество во донесување политики од оваа област.

## Предлог-препораки за Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија

Дадените предлози и препораки се темелат на спроведени истражувања и изготвени анализи по одделните области, на кои се повикуваме во самите препораки и за кои е доставен линк за преглед на нивната електронска верзија. Очекуваме соодветните решенија да бидат земени предвид при изработката на Програмата за работа на Владата и се надеваме дека Хелсиншкиот комитет за човекови права активно ќе биде вклучен и консултиран при изготвувањето на нови прописи и измена на постоечките.

### *Работнички права*

1. Донесување на нов Закон за работните односи посветен на обезбедување вистинска заштита на работниците (предлог-законот е финализиран и треба да влезе во собраниска процедура);
    1) Промена на дефиницијата за „работник". Новата дефиниција да обезбеди поширока заштита со тоа што ќе гласи дека: „работник е секое физичко лице кое е дел од работен однос и/или има договор за вработување со работодавач.".
    2) Изречно набројување на случаите во кои работодавачот може да склучи договор за вработување на определено време со работникот. Ограничување на можностите на работодавачите да вработуваат работници на определено време без конкретна причина, со цел подобрување на сигурноста на работниците и нивна заштита;
    3) Прецизирање на постапката за трансформација на работниот однос. Трансформацијата на работниот однос од определено на неопределено време по истекот на законскиот рок од три години да биде задолжителна обврска на работодавачот;
    4) Роковите за поднесување приговор против одлука за откажување на договорот за вработување, од осум да се зголемат на петнаесет дена.

Роковите да ги опфатат одлуките за откажување на договорот за вработување со и без отказен рок или одлуката за отстранување од кај работодавачот

5) Прецизирање на дисциплинската постапка за утврдување на повреда на работните обврски, работниот ред и дисциплина. Зголемување на предвидливоста на постапката пред изрекување на парична казна;
6) Паричните побарувања од работен однос да застаруваат во рок од 5 години;

2. Унапредување на работното законодавство со дополнителна заштита на бремените работнички;
3. Предвидување на одредба за задолжително отсуство од работа на таткото, за време на родителство;
4. Обуки за инспекторатите во Државниот инспекторат за труд за ефективно, сеопфатно и делотворно постапување, со цел зајакнување на заштитата на работничките права.
5. Усвојување одредба за договорите за вработување на определено време за бремените работнички во насока на тоа да биде недозволиво непродолжување на договорите доколку работничката е бремена.

## ***Правосудство***

Хелсиншкиот комитет за човекови права, како организација која е дел од Блупринт групата за реформи на правосудството, подготви Анализа за спроведување на Стратегијата за реформа на правосудниот сектор (2017-2022). Од ова анализа, изведени се следниве заклучоци и препораки:

1. Да се обезбеди транспарентност и инклузивност во процесот на подготовка на предлог-законите во Владата;
2. Да се направат напори законските решенија да бидат базирани на колку што е можно поголем број истражувања и анализи, особено кога се прават драстични промени во практиката;

3. Доследна имплементација на законските одредби со цел враќање на довербата на граѓаните во судството;
4. Да се ревидираат одредбите што се однесуваат на основите, причините и условите за ублажување на казната под законскиот минимум, како и на измените на член 275-в и новиот член 279-а од ЗКП, за да се овозможи соодветен кривично-правен одговор на организираниот криминал и корупцијата, особено оние што се инфилтрирани во високите државни кругови;
5. Соодветно и долгорочно планирање на процесите за подготовка на нови закони, со поставување на реални рокови. Неопходно е да се воведе систем за мониторинг и евалуација на процесот за подготовка на законските измени, со цел да можат да се направат соодветни прилагодувања на процесот, за да се зголеми неговата ефикасност;
6. Изработка на извештај за ПВР за законите што ќе треба да обезбеди детално елаборирање на причините поради кои е потребно носење на нов закон, но и проблемите што е неопходно да се адресираат. Со вака детално поставена анализа на проблемите, поткрепена со резултати од истражувања ќе се овозможи и соодветно следење во процесот за подготовка на законот, дали тој соодветно ги адресира поставените проблеми. На овој начин би се избегнало само начелно адресирање на одреден проблем, што во крајна линија ќе овозможи одржливост на реформите, а со тоа и намалување на законските измени и зголемување на правната сигурност;
7. Вложување напори за колку што е можно потранспарентно, отчетно и поефективно работење со цел да се врати довербата на граѓаните во правосудството;
8. Подетално уредување на постапката и квалитативни и квантитативни критериуми за оценување на јавните обвинители (како што е случајот со измените во Законот за Судскиот совет, во кој се имплементирани препораките од Мислењата на Венецијанската комисија);
9. Сите засегнати страни да вложат напори за што потранспарентно, отчетно и поефективно работење со цел да се врати довербата на граѓаните и во јавното обвинителство.

## *Социјална заштита*

1. Сеопфатна и ефикасна имплементација на Законот за социјалната заштита и обука на сите засегнати страни за соодветна примена на истиот;
2. Соодветно развивање на новите сервиси и услуги за потребите на граѓаните со попреченост предвидени со Законот за социјалната заштита;
3. Развивање Програма за вклучување на невладините организации како директни даватели на услуги во областа на социјална заштита преку социјални договори;
4. Воведување на мерки што би го промовирале изучувањето на знаковниот јазик, како и преземање на мерки за обезбедување поголем број на толкувачи на знаковен јазик. Дополнително, потребно е да се регулира прашањето за употреба на Брајовото писмо, како вклучување на одредби што би го стимулирале изучувањето на Брајовото писмо;
5. Развивање на систем на хабилитација за лицата со телесна попреченост со континуирано обучување на давателите на услуги, набавка на дополнителна опрема, помагала и технологија за да се одговори на потребите на секое лице со одредена различна и индивидуална потреба. Крајна цел на хабилитацијата е стимулирање и развивање на способностите на секое лице со попреченост до негова максимална возможна независност, целосна вклученост и учество во сите аспекти на животот;
6. Соодветна примена на Меѓународната класификација на функционалност (МКФ) за категоризација на лица со попреченост и обука на стручни лица за категоризација според МКФ;
7. Измена на Правилникот за начинот за остварување на правото на додаток за глувост, со целосна измена на член 3 во насока на остварување на правото на овој додаток врз основа на функционалната независност на лицето со физичка попреченост, согласно индивидуалните потреби на лицето со попреченост, без да се навлегува во детали за неговиот процент на оштетување;
8. Измена на Правилникот за начинот за остварување на правото на мобилност и слепило, со целосна измена на член 3 и член 4 во насока на остварување на правото на овие додатоци врз основа на функционалната независност на лицето

со физичка попреченост, согласно индивидуалните потреби на лицето со попреченост, без да се навлегува во детали за неговиот процент на оштетување.

9. Измена на Законот за слободен пристап за информации од јавен карактер со воведување на одредби за начините на кои секој имател на информации ќе биде должен да обезбеди информирање на јавноста на пристапен и достапен начин за лицата со попреченост, како и укинување на одлуката за поставување на посебни лица за комуникација со граѓаните со попреченост во јавните институции;
10. Усвојување на стратегија за преобразба на постоечките Дневни центри за лица со аутизам во Скопје поради недостиг на обучен кадар, несоодветен и неприспособен внатрешен простор, несоодветна местоположба, работа само во една смена со скратено работно време. Преобразба на овие центри во Центри за рехабилитација во кои ќе бидат вработени стручни и обучени лица (логопед, дефектолог, здравствен работник, психолог), воведување програма за индивидуална работа со деца со аутизам, соработка и советување со родители, двосменско работење, видео надзор, одделно работење во групи согласно возраста на децата.
11. Преземање мерки за отворање на најмалку 5 регионални Центри за лицата со попреченост во кои би се сместиле овие лица по смртта на родителите или во случај на неможност на родителите да се грижат за нив. Назначување на државата за старател на лицата со попреченост чии родители починале или не можат да се грижат за нив;
12. Зголемување на бројот на стручни лица и негователски кадар во институциите од областа на социјалната заштита и подобрување на пристапноста до овие институции. Вработување толкувач на знаковен јазик, подобрување на инфраструктурата, поставување лифтови и пристапни рампи согласно закон;
13. Промовирање на деинституционализација на ЈУ Специјален завод Демир Капија. Целосна имплементација на Националната стратегија Тимјаник 2018-2027 во Специјалниот завод во Демир Капија. Зголемување на бројот на негователи и медицински сестри, вработување на лекар, стоматолог и гинеколог во заводот.

Преземање мерки за подобрување на инфраструктурата и хигиената во специјалниот завод;

14. Вработување на адекватен стручен кадар во предучилишните установи кој би работел со децата со посебни образовни потреби;
15. Донесување на Закон за социјално претприемништво со цел развој на социјалното претприемништво за поголема социјална инклузија на лицата со интелектуална попреченост и комбинирани пречки;
16. Преземање мерки за деинституционализација. Подобрување на состојбата на биолошките семејства како мерка за превенција од институционализација. Ревидирање и зголемување на буџетот за отворање на нови и подобрување на постоечките дневни центри. Предвидување во секој дневен центар да има работно ангажирање и мало сопствено производство за лицата со попреченост;
17. Преземање на мерки вработувањето во заштитните друштва да биде преодно решение кон целосно вработување на отворениот пазар на трудот на лицата со попреченост, како и мерки за приспособување и подобрување на условите во друштвата во кои работат лица со попречености. Преземање на мерки со кои ќе се спречи распоредувањето на лицата со попречености на работни места кои не се соодветни на нивната стручна подготовка и квалификации;
18. Воведување на мерки за социјална инклузија на Ромите во Програмата на Владата како категорија на граѓани кои воопшто не се вклучени во ниту една област на реформи. Неопходно е да се спроведе попис на населението со цел да се утврди бројот на Роми и да се утврдат и политики и програми за вработување на Роми кои ќе бидат вистински ефикасни;
19. Креирање на национална програма и регулативи за зголемување на вработеноста и работно ангажирање на Ромите. Зголемување на бројот на обуки и тренинзи кои ќе придонесат за зголемување на можностите за вработување на оваа категорија на лица;
20. Олеснување на постапката за евиденција во матичната книга на родените и добивање на лични документи, поголемо информирање на ромското население околу постапката, како и финансиска поддршка од Министерството за труд и

социјална политика за сите случаи во кои е потребно докажување на крвното сродство;

21. Донесување на програма за домување на социјално ранливи групи во која, меѓу другите категории на лица, ќе бидат вклучени и лицата со попреченост и Ромите;
22. Измена на Правилникот за издавање на лиценца за работа на стручен работник во установа за социјална заштита и вклучување на претставници од граѓанскиот сектор во Комисијата за издавање на лиценци;
23. Формално и законско прифаќање на PRIDE методологија за подготовка, обука и вклучување на згрижувачките родители /старатели во системот на грижа за деца без родителска грижа, со цел зајакнување на системот на социјална заштита;
24. Креирање на национална програма и регулативи за зголемување на вработеноста и работно ангажирање на Ромите;
25. Да се изгради стратешки пристап кон потребите на лицата со попреченост посебно во Националната стратегија за вработување во која за жал, меѓу дефинираните приоритетни цели не е изречно опфатено зголемувањето на стапката на вработеност на лицата со попреченост;
26. Преиспитување на критериумот општа здравствена способност како еден од условите за вработување, кој го ограничува пристапот на лицата со хендикеп до работните места во државната администрација, судството и адвокатурата, и негова целосна индивидуализација во мноштво закони во согласност со член 25 од Законот за работни односи, односно ставање на овој услов во контекст на самата професија и/или функција;
27. Донесување и усвојување на програма за работно ангажирање на лицата со попреченост преку нивно обучување и поврзување со работодавци;
28. Донесување на Закон за заштита на имотот на лицата со попреченост со кој би се овозможило средствата од продажбата на имотот или самиот имот на родителите да се користи исклучиво за потребите на лицето со попреченост;
29. Итно постапување кога треба да донесе одлука во предметите од областа на социјална заштита;

30. Лицата со трајно нарушување на здравјето да не треба да поднесуваат медицинска документација на годишно ниво за продолжување на користење на некое право од социјална заштита;
31. Инспекторатот при вршење на инспекцискиот надзор да има проактивна улога, а не само да ги утврдува неправилностите при работењето на социјалните служби. Потребно е да се лоцираат недостатоците кои постојано се повторуваат и да се преземат конкретни мерки со цел зголемување и зајакнување на капацитетите на социјалните служби.

## *Дела од омраза*

Во рамките на својот мандат, Хелсиншкиот комитет активно ги следи и регистрира случаите на говор и дела од омраза преку две воспоставени интернет платформи (www.govornaomraza.mk и www.zlostorstvaodomraza.com), каде што секој може да пријави случај кој го забележал, како и преку редовно следење на дневните билтени на министерството за внатрешни работи и комуникација со основните судови и јавни обвинителства. Оттука, во текот на 2020 година на пример, регистрирани се пријави за случаи на говор и дела од омраза. Статистичките податоци од судовите и јавните обвинителства пак, покажуваат дека државата сè уште нема воспоставено механизам за прогон и казнување на сторителите на кривичните дела поврзани со говор на омраза, а од таму и недостасува ваква судската пракса. Врз основа на прибраните податоци од Министерството за внатрешни работи, пријави од граѓаните и известувањата од медиумите, Хелсиншкиот комитет изработува годишен извештај за состојбата со злосторствата од омраза. Од утврдените состојби, произлегуваат следниве препораки:

1. Да се земе предвид искуството на земјите-членки на ЕУ за проширување во рамките на нивното кривично законодавство, опсегот на казниви дела за злосторства од омраза и вклучување други мотиви за пристрасност за овие дела;

2. Да се обезбеди навремена и ефикасна истрага и гонење на злосторствата од омраза, земајќи ги предвид мотивите за пристрасност во текот на целата кривична постапка;

3. Да се преземат соодветни мерки за да се олесни пријавувањето злосторства од омраза од страна на жртвите и колку што е можно повеќе да се зајакнат здруженијата за нивна поддршка, вклучувајќи и мерки за градење доверба кај полицијата и другите државни институции;

4. Да се собираат и објавуваат сеопфатни и споредливи податоци за злосторства од омраза, колку што е можно повеќе, вклучувајќи го бројот на таквите инциденти пријавени од страна на полицијата и регистрирани од страна на органите на прогонот, бројот на пресуди, мотивите за пристрасност при овие злосторства и казните изречени на престапниците;

5. Да се осигура дека на жртвите на злосторства од омраза им е пружена помош, поддршка и заштита;

6. Да се промовираат обуки за релевантни практичари кои стапуваат во контакт со жртвите на злосторства од омраза, така што ќе им се овозможи ефикасно да им помагаат на жртвите и

7. Да се подобрат превентивните мерки, меѓу другото размислувајќи за сеќавањата во текот на едукацијата на човековите права, наставните програми по историја и соодветните обуки, преземајќи чекори за едукација на јавноста за вредностите на културната различност и инклузијата и целејќи сите делови на општеството да имаат улога во борбата против таквата нетрпеливост.

***Унапредување на родовата еднаквост***

Иницијативата „Унапредување на родовата еднаквост" има за цел да придонесе кон остварување родова еднаквост во нашата земја, сузбивање на родовите стереотипи и елиминирање на родово базираното насилство. како стратешка цел на Владата.

Предлозите што Хелсиншкиот комитет за човекови права ги дава во овој дел се засноваат на искуството од секојдневното работење во областа на унапредување на правата на жените, работење со жртвите на родово базирано и семејно насилство, контактот со институциите и досегашното учество во донесување политики од оваа област:

1. Донесување на Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство;
2. Изменување на Кривичниот законик и хармонизација на кривичното законодавство со Истанбулската конвенција во насока на дефинирање на родово базираното насилство и инкриминација на сите форми на родово базирано насилство, како што се: физичкото насилство; демнењето; сексуалното вознемирување; сексуалното насилство вклучително и силувањето; присилниот брак; женското генитално осакатување; и присилниот абортус и стерилизацијата;
3. Усвојување на новиот текст на Законот за родова еднаквост;
4. Повторно усвојување на Законот за спречување и заштита од дискриминација;
5. Измени и дополнување на Законот за социјална заштита – препознавање на жените жртви на насилство како посебно ранлива категорија;
6. Измени и дополнување на Законот за семејство и усогласување со одредбите на Истанбулската конвенција за елиминација на сите форми на насилство врз жената во чл.31, чл.32 итн;
7. Жените жртви на насилство да се препознаат како посебно ранлива категорија во Законот за домување, односно во Одлуката за распределба на социјални станови и да се измени методологијата врз основа на која се бодуваат определени категории на апликанти за социјален стан;

8. Донесување на нов Закон за учебници во основното и средното образование кој ќе гарантира отсуство на учебникарски содржини кои промовираат родови стереотипи, нееднаквост и дискриминација;
9. Донесување нов Закон за средно образование со вклучени механизми за превенција и заштита од родова дискриминација и насилство;
10. Регистрација на лекови за медикаментозен абортус и воведување на абортусот со лекови како метода за прекин на бременоста во здравствените установи;
11. Воведување најмалку три модерни контрацептивни средства (орални таблети, спирала) на позитивната листа на лекови;
12. Дефинирање нов модел на плаќање на матичните гинеколози во примарната здравствена заштита со цел подобрување на квалитетот и квантитетот на услугите и елиминирање на незаконската наплата.

Очекувани влијанија: Имајќи предвид дека не може да се зборува за еднаквост во општеството ако нема родова еднаквост, а државите во кои родовата еднаквост е вредност со висок приоритет се економски поуспешни држави, предлозите на Хелсиншкиот комитет во овој дел ќе придонесат кон унапредување на правата на жените, остварување родова еднаквост во нашата земја, сузбивање на родовите стереотипи и елиминирање на родово базираното насилство.

## ***Унапредување на состојбата со човековите права на ЛГБТИ луѓето***

Измена на Законот за семејство, Измена на Законот за матична евиденција, усвојување на Стратегија против хомофобија, бифобија и трансфобија и Национален Акциски план за ЛГБТИ. Измените на овие закони се поврзани со стратешкиот приоритет од Програмата за работа на Владата на РСМ во периодот 2020-2024 насловен како Ред и правда. Иницијативата е поврзана со приоритетната цел на Владата насловена како Еднакво општество за сите.

Образложение: Со измена на Законот за семејство во насока на креирање на законско решение со кое правото на склучување на брак и/или граѓанско партнерство ќе се овозможи еднакво помеѓу истополовите двојки и двојките од различен пол, се креира легислатива со која ќе им се овозможи на граѓаните под еднакви услови да можат да регистрираат партнерство или да склучат брак без разлика на полот на двајцата партнери/ки. Еднакво општество за сите подразбира и еднакви права без дискриминација врз основа на сексуална ориентација и/или родов идентитет. Со озмена на овој закон, ќе се креира модел на партнерство преку кој сите граѓани, не само граѓаните од ист пол, ќе имаат можност да одберат која форма на заедница сакаат да ја регистрираат и на тој начин нема да бидат приморани да склучат брак во форма и со права и обврски како до сега. Со ова се отвара можност за сите граѓани слободно да одлучуваат за својот живот во заедница и правата и обврските кои ќе ги прифатат.

Со измена на Законот за матична евиденција треба да бидат во насока на системско правно признавање на родот на брз, едноставен и пристапен начин кој се базира на самоопределување, согласно меѓународните стандарди и Пресудата од Европскиот суд за човекови права во случајот Македонија против X. Согласно меѓународните стандарди и споменатата пресуда со која се утврди повреда на правото на приватност на лицето X поради недостаток на јасна законска рамка, државата треба да усвои закон со кој ќе се овозможи правно признавање на родот и ќе се спроведе пресудата X против Северна Македонија. Измените на Законот за матична евиденција се веќе започнати, но процесот е застанат.

Потребна е структурна и сеопфатна промена за воспоставување на систем на заштита на човековите права на лицата од сексуалните и родовите малцинства. Дополнително, сексуалната ориентација и родовиот идентитет единствено се споменуваат во воведот на Националната стратегија за еднаквост и недискриминација, но понатаму воопшто не е понуден акционен план како да се овозможи сеопфатна заштита на ЛГБТИ лицата. Затоа предлагаме изготвување и усвојување на Национална стратегија против хомофобија, лезбофобија и трансфобија како основа за градење на системски промени во насока на заштита и унапредување на правата на ЛГБТИ луѓето. Предлагаме формирање на Интер- секторско тело, составено од владини и претставници на

граѓанските организации посветени на заштита и унапредување на правата на сексуалните и родови малцинства. Интер- секторското тело ќе ја базира стратегијата и ќе ги дефинира приоритетните области на база на спроведена процена на потребите. Дополнително потребно е креирање на Национален Акциски План за ЛГБТИ во кој ќе се опфатат сите области во кои е потребно унапредување со точно утврдени активности насочени кон стратешките цели. Според она што граѓанските организации го идентификувале како потреба, можни области опфатени со Стратегијата би биле:

1) справување со хомофобијата и трансфобијата во образованието: ревизија и унапредување на наставните програми и развој на програми за справување со меѓу- врсничкото вознемирување и насилство (булинг) на основ на сексуална организација и родов идентитет;

2) рефлектирање на стратегијата против хомофобија и трансфобија во законот за работни односи;

3) справување со хомофобијата и трансфобијата во јавните институции: полиција, судство, центри за социјална работа, останата државна администрација;

4) справување со хомофобијата и трансфобијата во спортот;

5) подобрување и унапредување на клучната легислатива поврзана со сексуалните и родови малцинства: Законот за семејство и подготвување нов закон/измени на постоечки за системско признавање на родот и тн.;

Очекувани влијанија: Унапредување на состојбата со човековите права на ЛГБТИ луѓето во повеќе општествени сфери преку системски и сеопфатни законски решенија.

Потпис на застапникот

23.09.2020 година

---------------------------------

Здружение ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА - СКОПЈЕ